Ова познато специјализирано советско списание, по повод 100 годишнината од раѓањето на В. И. Ленин, сите броеви за 1969 и првите месеци на 1970 година, ги има посветено на овој великан на руското и меѓународното работничко движење, на неговиот живот, на работата, на научните методските и педагошките погледи. Во оваа смисла многу советски научници-историчари, педагози и методичари на наставата по историја, објавиле во ова списание многубројни статии, кои влијаат и допринесуваат за подоброто сфаќање, на Лениновите идеи, филозофијата, на неговите погледи врз историјата како наука, на значењето на образованието и воспитувањето на младото советско поколение и не само на него. Од посебно значење се и цитатите и анализите на методолошките укажувања, корисни за наставниците по историја и сл. Низ овие статии, односно прилози, од значење е не само научната страна туку и примерот на Лениновиот живот, од најраната младост сè до неговата смрт, при што неговиот живот посветен исклучиво за доброто на човештвото има силно воспитно влијание, посебено на планот на изградувањето на моралната личност на ученикот, на неговите идеали и сл.

Така, во јануарскиот и февруарскиот број од 1969 година, покрај другите статии, објавена е и статијата за Надежда Крупскаја, сопругата на Ленин, за нејзиниот лик како убеден марксист, виден агитатор, која активно се занимавала со политичкото просветување на работните луѓе, организатор на многу советувања, посветени на проблемите на народната просвета, гледајќи на истата како составен дел на социјалистичката изградба во младата Советска држава. Таа била една од спроводниците на Лениновите идеи во однос на културната револуција. Истакната е мислата на Крупскаја за целта на социјалистичката школа: воспитување на сестрана социјалистичка личност. Надежда Крупскаја се позанимавала и со прашањето на наставата по историја во средните школи. Според неа, истата треба да биде поставена на основите на историскиот материјализам. Кога се изучува современата историја, вели Крупскаја, таа треба да се изучува комплексно со економската, политичката и културната историја и тоа со нужна конкретност.

Во бројот за м. март-април 1969, ја истакнуваме статијата на В. Н. Гречишнин *„В. И. Ленин и прашањето за општата наобразба“*, во која авторот, истакнувајќи најнапред дека секогаш во историјата на педагогијата општото образование било предмет на разгледување и дека Маркс и Енгелс одамна истакнале дека „духовниот развиток на луѓето зависел од општествено-економските услови на животот“, се задржува на погледите на ова прашање на В. И. Ленин. Имено, тој нагласува дека работничката класа во економски и политички поглед всушност ќе допринесе повеќе за своето ослободување, за еманципацијата на жената преку писменоста, преку совладувањето на знаењето; и натаму, за елиминирањето на јазот меѓу селото и градот, меѓу умствениот и физичкиот труд и на крајот за ликвидацијата на економската, социјалната и културната заостанатост на народи-

те на Русија и другите земји. Без знаење, зборувал Ленин, работниците се незаштитени, со знаењето тие се сила и доколку биде распространето просветувањето меѓу народот, до толку побргу ќе дојде денот на пролетерската револуција. Според Ленин, сеопштата наобразба е составен дел во борбата за социјализмот. Тој не еднаш нагласувал дека задачата на училиштето е да го измени човекот, тој сестрано да овладее со своето дело, да има широко и општо образование.

Во бројот за м. мај-јуни од 1969 година е поместена како интересна статијата на А. Ј. Грунт *„Ленин за сојузот на работничката класа и селанството“*, во која се подвлечени познатите ставови и придонесот на Ленин во збогатувањето на марксистичката теорија и револуционерната практика во врска со рољата на селанството како сојузник на пролетаријатот.

Г. Г. Куранов, во бр. 4/1969 година, објавува статија под наслов *„Ленин и некои прашања од меѓународното работничко движење“*, во која го претставува Ленин како генијален продолжител на револуционерното учење на Маркс и Енгелс, со што допринел за неговото збогатување, нагласувајќи посебно за империјализмот, за пролетерската партија од нов тип, за социјалистичката револуција, за сојузот на работничката класа со селанството. Авторот на статијата подвлекува дека Ленин решил низа методолошки проблеми од историската наука. Дава и други интересни податоци кои се однесуваат за неговата тактика и стратегија изградувана во познатите револуционерни вриежи во Русија, а особено во Октомвриската револуција.

Во бројот 5/1969 година, ја споменуваме и статијата на А. П. Аверјанов *„Јужните и Западните Словени кон крајот на XIX и почетокот на XX век“*, во која откако најнапред се осврнува кратко на историскиот развој и борбата за опстанок на Јужните и Западните Словени од најраните времиња и за „нивната тешка судбина“, посебно внимание посветува на борбата на Јужните Словени за националното ослободување.

Задржувајќи се на Балканските војни 1912/1913 година, ги коментира погледите на Ленин за овие настани на Балканот посебно неговото образложение зошто „ослободувањето на угнетените балкански народи не се извршило по пат на револуција, туку преку сојузот на балканските монархии“ и вели: „главна слабост за тоа е слабоста на пролетаријатот на Балканот, а потоа реакционерното влијание и ставот на европската буржоазија. Таа се плашела од стварната слобода и кај себе и на Балканот, та развива шовинизам и национална омраза како би можела да ја спроведува својата пљачкашка политика“. На авторот треба секако да му се замери што не ја споменува и борбата на македонскиот народ за своето национално ослободување.

И во наредните броеви од 1970 година „Преподавание истории в школе“ им посветува внимание на одбележувањето на споменатата 100-годишнина. При тоа централно место и се дава на наставата по историја, низ која треба да се открива и покажува и интернационалниот карактер на ленинизмот. Ленин бил, а и ќе биде генијален теоретичар во борбата за победа над буржоазијата, за воведување на соци-

јализмот во оние земји кај кои сѐ уште пролетаријатот е под гнетот на владеачката експлоататорска класа. До колку наставниците по историја ќе овладеат со идеите, мислите на В. И. Ленин, дотолку подобро ќе успеат во својата катадневна работа. Изградувањето на ученикот ќе се постигне низ дискусии, кружоци, реферати и сл. Низ ученичките реферати, напишани врз самостојна работа се допринесува материјалот поуспешно да се совладува и ученикот да се осамостојува во своето изградување во идеолошки поглед. Низ тие реферати нашата младина, запознавајќи се со основните тенденции на марксизмот — ленинизмот, ќе стекне правилна ориентација во својот сестран развиток, ќе се пробуди во неа мислата за борба против угнетувањето, за рамноправноста на луѓето. Но и самите наставници ќе треба подобро да се вооружат со таквите идеи на марксизмот-ленинизмот. Ленинизмот во таа смисла е најмоќното оружје во преобразбата на светот. И до колку сестрано се користи ова оружје, дотолку поуспешно ќе се остваруваат задачите на наставата по историја.

Во бројот за м. март — април 1970 година, е поместена и статијата *„Продолжение на делото на Ленин“*, во која покрај другото, се дадени и многу тези од ЦК на КПСС објавени по повод на 100-години од раѓањето на Ленин.

Како љубител и добар познавач на историјата, Ленин дал и насока како да се користи и организира работата на собирање на материјали од поблиската околина и тука се истакнува важноста и значењето на оваа работа во наставниот процес по историја. Зашто често пати, ние многу нешта знаеме за подалечните краишта, а својот поблизок крај, кој е полн со разни знаменитости од историски и културен карактер, послабо го познаваме. Затоа една од основните задачи на нашиот наставник по историја би била токму таа, којашто би требало да биде како императив. Таквиот собран материјал може да користи и при објаснувањето на капиталните лекции од наставната програма. Се разбира, во таа работа наставникот треба да им помогне на учениците, да ги објаснува целите и задачите на ваквиот вид работа. Една таква новина, наставникот може и треба да ја внесе во своето годишно распределение на материјалот. Ова учениците ќе ги поттикне на самостојна работа во изучувањето на историјата. Таа работа ги збогатува претставите кај учениците. Ако се работи пак за личностите на Ленин или Тито, тие стекнуваат јасна слика за величината на дотичната личност, за неговиот однос кон луѓето и сл., зашто патиштата на големите и прогресивни личности се преполни со неброени примери на пожртвуваност во револуционерната борба, во научната работа и воопшто во нивните усилби да се измени постојниот експлоататорски поредок. Се ова е непресушен извор за воспитувањето и образованието на младите генерации.

Во споменатите броеви на ова познато советско списание, наставникот ќе најде многу поучни нешта од животот, работата и делото на Ленин, што може да ги применува во својата наставна работа.

Д. А.